# „Нема денови во кои доброто дело му е помило на Аллах од овие денови“, т.е. во првите десет дена од месецот Зул-Хиџе

Ибн Абас, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Нема денови во кои доброто дело му е помило на Аллах од овие денови“, т.е. во првите десет дена од месецот Зул-Хиџе, асхабите прашале: „Алахов Пратенику дури ни џихадот на Аллаховиот пат?“ Пратеникот, алејхи селам, рекол: „Ниту џихадот на Аллаховиот пат, освен ако човек отиде во џихад носејќи го со себе неговиот имот, и не се врати од таму (ни тој ни имотот).“
[صحيح] [رواه البخاري وأبو داود، واللفظ له]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, ни објаснува дека доброто дело направено во првите десет дена од месецот зул-хиџе е повредно од добрите дела направени во кои било други денови. Асхабите го прашале Аллаховиот Пратеник дали џихадот на Аллаховиот пат кој се води во другите денови е подобар од добрите дела во овие денови? Тие биле свесни дека џихадот е едно од највредните дела. Тој, алејхи селам, им одговорил дека добрите дела во овие денови се подобри од џихадот во останатите денови, освен ако човек тргне во борба со сиот свој имот, а потоа загуби сè, и имотот и живото на Аллаховиот пат. Само вака ќе постигне награда повеќе од оној што направил добро дело во првите десет дена од Зул-Хиџе.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee